# FOREVER

N. MACEDONIA

Јануари 2021 | Број 231



## ОДИМЕ НАПРЕД И ЗАЕДНО ГРАДИМЕ ИДНИНА

Rex Maughan

## МОЌТА ДА СИ УШТЕ НЕШТО

Gregg Maughan

# Моќта да си уште нешто





**Пречекорувајќи го прагот на новата година по изминатата која беше тешка во многу погледи, се замисливме сериозно за тоа кои сме и за квалитетите кои не само што нè направија посилни градители на бизнис, туку и посилни луѓе. Постојано се навраќам на идејата дека градењето на подобар живот не се состои само во нештата кои сакаш да ги правиш,туку во тоа секогаш да се стремиш да си можно најдобар. Едноставно кажано – да правиш повеќе значи да си уште нешто.**

Оваа година се фокусирам на тоа да прегледам сè што сакам да постигнам, и да обмислам каков треба да бидам за да успеам. Наместо да размислувам само за задачите кои треба да ги извршам, посветувам вниманието на луѓето на кои им се восхитувам и ги барам карактеристиките кои ги поседуваат за да постигнуваат големи нешта. Би сакал и вие да го направите истото. Така додавате нешто многу важно на вашиот список со задачи – срце и решителност.

Дали се стремите да постигнете нова програма за стимулирање, повисоко ниво во маркетинг планот, да влезете во подобра форма, да имате повеќе слободно време за семејството или секоја друга цел која сте ја поставиле, следните четири идеи ќе ви помогнат да не се отклоните од патот и да продолжите напред.

## БИДИ ПОСВЕТЕН

Независно што си замислувате за себе оваа година, запомнете дека треба да останете посветени и ангажирани. Понекогаш назадувањата се вон наша контрола, но сами одлучуваме дали ќе им дозволиме на пречките по патот да нè запрат, или ќе останеме посветени на нашите намери и ќе продолжиме смело напред.

## БИДИ ЦВРСТ

Дали сте слушнале за некого да кажуваат дека има железна волја? Ова значи дека неговата решителност и дух се посилни од стихиите кои се заканувaат да го отклонат од предвидениот курс. Нескротливата волја ве чува од сè што ви го одвлекува вниманието. Понекогаш може да не се чувствувате толку мотивирани за да одделите неколку часа за следење на кандидати и за комуницирање со тимот. Никој не може да биде на располагање секоја секунда од денот. Но оние што имаат цврста волја, можат да продолжат да работат за своите цели и во деновите кога се во искушение да одложат некои задачи.

## БИДИ ИНОВАТИВЕН

Живееме во процес на постојана еволуција. Технологиите постојано се менуваат, а со нив и алатките кои ги користиме за да комуницираме еден со друг. Ако секогаш имате желба да се адаптирате, да учите и да го прифатите новото, ќе видите дека вашите цели ќе бидат многу полесно достижни.

## БИДИ ПРОМИСЛЕН

Рутината е нешто добро познато, но не треба да залегнете во статус кво. Дали секојдневно преземате активности кои ќе ве приближуваат кон најважните цели за вас? Немојте да се опуштате во животот и да го оставате само да се случува покрај вас. Живејте промислено. Бидете проактивни. Преземете контрола и стремете сè да создавате околности секој ден, за да градите живот каков што сакате, со чувство за цел.

Додека одиме во уште една возбудлива година, се надевам дека ќе ги запомните овие четири идеи и ќе размислите како можете да ги примените во животот. Додека се подготвувате да го искористите максимално секој миг и да ги остварите сите неверојатни цели, погледнете подалеку од нештата кои треба да ги завршите, за да го постигнете, и помислете какви луѓе треба да бидете.

**Продолжете со насмевките,**

**Gregg Maughan**

Претседател на Форевер Ливинг Продактс




# Одиме напред и заедно градиме иднина



**Новата година е време за поставување на цели и поглед напред, но и за размислување. 2020-та беше тешка и ќе остави трајни промени во нас како луѓе, врз нашите животи и врз нашиот светоглед.**

Некои од промените нè научија да сме силни кога сме соочени со неволји и ја подобрија нашата способност да се адаптираме и да останеме агилни. Но нема сомнение дека за некои има реални и опипливи ефекти врз здравјето, врз финансите или дури и празно место на масата.

**КАКО И ВО СЕКОЕ ДРУГО СЕМЕЈСТВО, НИЕ ИСТО ИМАМЕ МОРАЛЕН АНГАЖМАН ДА СЕ ГРИЖИМЕ ЕДЕН ЗА ДРУГ, ДА ГИ ОТВОРИМЕ ВРАТИТЕ И СРЦАТА ЕДЕН ЗА ДРУГ, СЕКОГАШ ДА СМЕ ПОДГОТВЕНИ ДА ПОДАДЕМЕ РАКА ЗА ПОМОШ.**

Важно е да запомниме дека нема две сосема исти патешествија. Ние мора да покажеме емпатија кон другите дури и додека гледаме кон иднината кон која сме упатени. Новата година носи чувство за очекување и нов почеток, имаме можност да си претставиме како изгледа подобрата иднина и да најдеме инспирација за да ги исполниме нашите цели. Ве молам сите да помислите за луѓето околу себе и како можете да ги поткрепите со помош на вашиот бизнис и да им помогнете да ја видат иднината исто толку светла како вие што ја гледате.

Подајте им рака на сите околу вас кои се по-посветени од кога било на грижата за здравјето. Имаме толку многу производи направени да им помагаат на луѓето да изгледаат и да се чувствуваат подобро, независно дали целта им е физичко или умствено здравје, или пак нешто сосема друго. Помислете и за оние кои можеби бараат нов пат за напред. Нашата можност за бизнис им помага на луѓето од секакви професии веќе над 42 години, без оглед дали бараат малку дополнителни доходи, или комплетна промена на животот.

Моментот е одличен човек да е дел од нашето Форевер семејство. И како и во секое друго семејство ние исто имаме морален ангажман да се грижиме еден за друг, да ги отвориме вратите и срцата еден за друг, секогаш да сме подготвени да подадеме рака за помош.

Потенцијалот за 2021-ва е поголем од кога и да било. Изминатата година нè направи посилни. Си покажавме себе сѝ и на другите што значи да го адаптираш и развиваш бизнисот со помош на технологиите, кога средбите во живо не беа можни. Откривме внатрешна сила и способност да комуницираме на нов и различен начин. Вооружени со овие нови алатки и со нова и свежа година пред себе, можеме да се издигнеме до поголеми висини и да продолжиме да постигнуваме големи работи.

Никогаш не сме биле по-подготвени да им помагаме на луѓето во целиот свет да живеат поисполнет и осмислен живот. Знам дека заедно ќе ја пишуваме историјата на Форевер и нашето семејство ќе расте, со споделување на нашата љубов, емпатија и воодушевување од неверојатната иднина која имаме среќа да ја градиме заедно.

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**

Главен извршен директор на Форевер Ливинг Продактс




# Sonya Aloe Deep Moisturizing Cream

Кремот за длабока хидратација со алое и екстракт од кора од бор ќе ја задоволи жедта на вашата кожа на еден неповторлив начин. Екстрактот од кора од бор содржи природни состојки, наречени олигомерни проантоцианидини, кои имаат едни од најсилните антиоксидантни својства откриени во природата. Затоа овој дел се бори со слободните радикали, за да придонесе во зачувувањето и зголемувањето на колагенот во кожата-протеинот кој е присутен во човечкиот огранизам во најголеми количини. Според научниците, борбата со слободните радикали е еден од најдобрите начини да се дејствува против знаците на стареење. Екстрактот од кора на бор е искомбиниран со чист, стабилизиран гел од алое вера, серамиди и овлажнувачки состојки од најновата генерација. Сите тие придонесуваат во доставувањето и задржувањето на влагата длабоко во внатрешните слоеви на кожата, за да се регенерира и зачува нејзиниот младешки сјај.

## УПОТРЕБА

За интезивна и длабока хидратација, користете го навечер по употребата на потхранувачкиот серум со алое. Извадете ја пластичната лажичка и заштитното капаче на кремот. Со лажичето извадете мала количина од кремот и поставете ја врз заштитното капаче. Со врвовите на прстите нанесете крем од капачето по лицето и вратот. Втријте го со масажни движења. Внимателно измијте ја лажичката и заштитното капаче со топла вода по секоја употреба и потсушете ги со чиста крпа, пред повторно да ги поставите во кутијата со крем.

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- Многу навлажнувачки-погоден и за најсувата кожа.
- Содржи екстракт од кора на бор за борба против слободните радикали.
- Придонесува за регенерирање и зачувување на младешкиот сјај на кожата.






Драги пријатели,

Зад нас остана една година која иако многу сакаме, веројатно никогаш нема да ја заборавиме. 2020-та нѝ покажа дека можеме да планираме многу нешта, но во ниту еден случај сѐ. Пандемијата ковид-19 од една страна нѐ изненади сите, но од друга страна никој не можеше да претпостави дека толку брзо и толку успешно ќе се справиме со предизвиците пред кои таа не исправи, како во Бугарија, така и во С. Македонија. Иако ветерот на околностите дуваше во добар правец за сите нас, вие бевте тие што ги прилагодивте едрата и го управувавте коработ на вашиот бизнис во најправилната насока. 2020-та е уште една рекордна година со пораст од 30% на бизнисот на Форевер Бугарија и С. Македонија!

Зарем не е неверојатно! Во ситуацијата во која многу други сфери на економијата и социјалниот живот имаат сериозни проблеми, бизнисот со Форевер остана силен, ви обезбеди на вас и семејствата стабилност за која мнозина околу нас можат само да мечтаат, и најважното – значително ги зголеми вашите финансиски доходи и можностите да го живеете животот на вашите мечти. Ви благодариме за сѐ што направивте во оваа година! Ви благодариме и за исклучителното трпение и разбирање за сите препреки поврзани со регуларната достава на производи, специфичниот режим на работа на канцеларијата на компанијата, како и за предизвиците вон нашата сфера на влијание, како проблеми со доставите, изолацијата во која требаше да го градите бизнисот, и не на последно место проблемите со здравјето и животот на не еден и двајца блиски и роднини. Сѐ ова беа околности со кои успешното справување докажа дека комбинацијата на одличните производи и бизнис можност предлагани од нашата компанија, со вашата желба за подобар живот, вербата во индустријата, компанијата и производите, како и секојдневниот труд за градењето на успешен бизнис со Форевер се добитната формула за секој што сака да има стабилен и сигурен живот.

За жал, се плашиме дека на почетокот на 2021 година работите нема особено да се променат и ќе треба да продолжиме да работиме со трпение во познатите услови од последните месеци. Знаеме дека за никого не се најудобните, а уште помалку се пријатни. Нѝ претстои време во кое трпението, упорноста и толерантноста ќе бидат факторите кои ќе одредат кои од вас ќе успеат и ќе продолжат да растат заедно со Форевер и кои ќе најдат најдобро оправдание за сопствените неуспеси.

Не можеме да ви ветиме дека сѐ во новата година ќе оди по мед и масло. Но тоа што можеме да ви ветиме е дека ќе продолжиме да правиме сѐ што е до нас за да ве поткрепиме и да ви помагаме по тешкиот пат на независни сопственици на Форевер бизнис! Вие сте различни по пол, возраст, образование и убедувања, но сите имате одлични квалитети кои ве прават одлични играчи во победничкиот тим на Форевер и тоа е горливата желба да бидете различни, да го живеете животот од вашите мечти и никогаш, никогаш да не се откажувате! Затоа ние имаме огромен респект за сите вас и ве сакаме!

Нека 2021 година биде помирна и ви донесе сѐ што си посакувате, и најважното – сѐ за што сте подготвени да работите здраво!

Срећна Нова 2021 година!

**Секогаш со вас,**



**Стефан и Тања Стаеви**

Генерални директори на Форевер Бугарија и С. Македонија

# Успех преку расчленување на целите



## Со мали чекори до големи постигнувања

Можеби сте ги слушале луѓето како кажуваат дека клучот за постигнување на дадена цел е да ја посакуваш доволно силно. Убаво би било да можеше работите да се толку едноставни цело време.

Сепак не можеш едноставно да си наумиш да истрчаш маратон оваа година и да ги поминеш сите 42 километри уште следниот ден – независно колку многу сакаш. Всушност според истражувањата, поставувањето на високи цели од самиот почеток е сигурен рецепт за неуспех. Што не значи дека во 2021-ва не можете да постигнете големи нешта. Тајната на личната трансформација е во поставувањето на мали, достижни цели, кои се собираат за да ви го променат животот значително.

## Размислете за вашите цели

Можеби веќе имате идеја за конкретна цел или пак како многумина и вие посакувате промена, но не сте на јасно што точно сакате да постигнете. Поставувањето на цели за новата година е нешто далеку поголемо од нов фитнес режим или ангажман да се храниме поздраво. Ете неколку области од животот за кои можете да размислите, за да ја направите 2021-ва вистински клучна година.

### СТАВ

Размислете за стравовите или грижите што ве влечат назад и како можете да ги надминете. Можеби сакате да работите на себе, за да станете по-позитивни, посмели или поблагодарни за сè што имате.

### ФИЗИЧКИ

Од губење на неколку килограми до поактивен начин на живот или затегнување на мускулите – има многу варијанти на физички цели.

### ОБРАЗОВНИ

Дали постои вештина која од секогаш сте сакале да ја развиете, или област на знаење што ве интересира?

### КРЕАТИВНО

Дали оваа година ќе научите да сликате? Или можеби отсекогаш сте чувствувале дека во вас живее книга која само чека да излезе. Размислете кои креативни импулси секогаш демнат во некој агол од вашиот ум и направете да се остварат.

### КАРИЕРА

Дали сакате работата да ви носи нешто повеќе? Дали отсекогаш сте сонувале за сопствен бизнис, кој никогаш не сте го реализирале?

### ФИЛАНТРОПСКИ

Поставете цел што ќе помогне светот да биде подобар за другите. Може да е поврзано со волонтерска работа или со донации за нова добротворна организација.

### ЗАБАВА

Дали имате чувство дека никогаш не ви останува време за себе? Поставете си цели кои вклучуваат повеќе лично време. На пример да работите за одморот за кој секогаш сте сонувале, или пак да одвојувате малку време секоја седмица за нешто што сакате.



## Расчленете ги најголемите цели

Откако ќе утврдите што се надевате да постигнете, време е да направите план за активност. Еве неколку работи кои треба да ги имате предвид.

1. КРЕИРАЈТЕ СИ МАЛИ ЦЕЛИ, ПОГОДНИ ЗА ВАШАТА ЦЕЛОКУПНА ЗАМИСЛА

Ова се помали цели кои можат да бидат распределени по денови, седмици или месеци. Мислете за нив како за чекори кои ќе ви помогнат да се издигнете до вашата замисла. Ако на пример вашите амбиции се поврзани со здравјето, размислете за малите нешта кои можете да ги промените, за да добиете интензитет. Започнете со замена на еден оброк дневно со поздрава варијанта. Откако ќе се справите со тоа и ви стане навика, откажете се од десертите. Пешачете по два километра три пати седмично и кога ќе ви се чини лесно, зголемете ги на три.

2. ЗАПИШУВАЈТЕ СИ

На рака, во мобилна апликација, на компјутер или на бела табла на ѕид, за да ги прецртувате помалите цели на вашиот пат. Тоа ќе ви помогне да ја одржувате мотивацијата и да го следите напредокот.

3. БИДЕТЕ КОНКРЕТНИ

Поставувајте си многу точни цели и ставајте датуми и часови кога е можно, за да создадете чувство дека треба да се отчитате сами пред себе. Така ќе располагате со список на вашите постигнувања кои постепено ќе се акумулираат и ќе ја одржат вашата мотивација да продолжувате во истиот дух.

4. БИДЕТЕ РЕАЛИСТИ

Не поставувајте премали цели. Трудете сè да бидат достижни на почетокот и зголемувајте ги нивните тешкотии со тек на време. Поставувањето на нереални цели уште на почетокот може да доведе до разочарување понатаму, бидејќи сте се обиделе да преземете премногу, а прерано. Добијте интензитет и радувајте им се на малите победи по патот.

## Фокусирајте сè на напредокот, а не на пречките

Добрата работа при поставувањето на помали цели за постигнување на поголемите е тоа што е полесно човек да ги постигне при евентуални пропусти. Ако не успеете да постигнете некоја од поскромните цели, не бидете строги кон себе. Едноставно оставете ја зад себе и продолжете напред кон големите мечти со уште поголема упорност.

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА НОЕМВРИ 2020 ГОДИНА

## МЕНАЏЕР

Николовски Никола
Палева Стојаноска Ана

## АСИСТЕНТ МЕНАЏЕР

1. Гогушовска Снежана
2. Малинова Марија
3. Палева Стојаноска Ана
4. Стојковски Мица и Трајче
5. Ќосеви Голуба и Костадин
6. Цветковска Таневска Орхидеја

## СУПЕРВИЗОР

1. Златковска Теодора
2. Зулфију Шпреса
3. Јовановска Даница
4. Кочова Магдалена
5. Лазова Димов Љубица
6. Лазова Евис
7. Михајловски Добре
8. Ризовска Јасмина
9. Ќаили Гете

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОР

1. Алија Хирије
2. Анчевска Лидија
3. Ангеловски Симона
4. Апостолидис Јулијана
5. Асипи Мимоза
6. Атанасова Живка
7. Авросиевска Сандра
8. Баслиева Тина
9. Бејта Исмаили Валбона
10. Богдановски Ѓорѓи
11. Ванчова Соња
12. Веселиноска Маја
13. Грујоска Тања
14. Гугуљановски Сашко
15. Давитков Горан
16. Дешиќ Милица
17. Димитријева Светлана
18. Димитрова Мартина
19. Димовски Ниче
20. Дрнева Марија
21. Дробниќ Биљана
22. Дупови Јехона
23. Ѓоргоска Ивана
24. Златески Благојче
25. Идризи Хавзију Аида
26. Илиевска Билјана
27. Јовановска Марија
28. Јовановска Верица
29. Кадри Лиридона
30. Калевска Анита
31. Каневче Лидија
32. Кантурска Балевска Васка
33. Каранфиловска Стефани
34. Каровски Борис
35. Коцева Маре
36. Конеска Елена
37. Кошиновски Тоше
38. Костадиновска Александра
39. Костанчева Татјана
40. Костиќ Кузмановска Оливера
41. Костиќ Силвана
42. Костовски Зоран
43. Лазаревска Бети
44. Лазеска Билјана
45. Левовска Наташа
46. Максимовска Марија
47. Манева Емилија
48. Марковска Димитровска Марија
49. Милчевски Марио
50. Милев Миле
51. Митев Бојанчо
52. Младеновиќ Кметовиќ Срѓан
53. Младеновска Оливера
54. Накева Силвана
55. Наков Франческо
56. Неданоска Шулевски Весна
57. Нонкуловска Елеонора
58. Панева Катерина
59. Переска Даниела
60. Петковска Јасмина
61. Петрушова Силвана
62. Попова Димеска Катерина
63. Поповска Христина
64. Поповски Јадранка
65. Ристов Душко
66. Ристова Весна
67. Ристовска Блажевска Катерина
68. Ристовска Марина
69. Савиќ Емилија
70. Симоновска Ана
71. Спасовска Слаѓана
72. Стаменковиќ Оливера
73. Стаменова Данче
74. Станимировиќ Зоран
75. Станковска Костадинка
76. Стефанова Ангелка
77. Стефановска Драгана
78. Стојчева Наталија
79. Стоилова Рајна
80. Стојанова Анастасија
81. Стојчевска Анета
82. Томовска Герасимовска Тања
83. Христовска Билјана
84. Христовски Никола
85. Цветкоски Филип

## КЛУБ 4

### Клуб 4 – ниво 1

Давитков Филип
Димитрова Бојана
Наќеска Ивана
Ордева Јовановска Благица
Пешевска Марија
Укајдари Силвана

### Клуб 4 – ниво 2

Дамјановска Оливера

### Клуб 4 – ниво 3

Драскачева Надица

## facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Др.Роза Гелевска | 1. Вера Златковска |
| 2. Елена Гелевска | 2. Елена Гелевска |
| 3. Славица Донакова | 3. Стевица Димовска |
| 4. Вера Златковска | 4. Горан Давитков |
| 5. Стевица Димовска | 5. Др.Роза Гелевска |
| 6. Блага Крстеска | 6. Александар Малинов |
| 7. Слафко Михајловски | 7. Славица Донакова |
| 8. Катерина Трајчевска | 8. Љубомир Димовски |
| 9. Горан Давитков | 9. Голуба Косева |
| 10. Александар Малинов | 10. Катерина Трајчевска |

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846, 02 2465826 и 070 236609 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.